**Видео 11: ЕНЕР – Единствен национален електронски регистар на прописи**

Правниот систем во РС Македонија регулира начини, рокови и фази во кои јавноста може да ги даде своите мислења, препораки, коментари и забелешки за одредена политика, закон, студија за оцена на влијанието врз животната средина, издавање на дозволи и слично.

Учеството на јавноста придонесува меѓу другото кон подобро осмислување на политиката придонесува за прибирање повеќе информации врз основа на кои ќе се планира и дизајнира политиката, овозможува подобро разбирање и спроведување на донесената политика, придонесува кон прибирање за можни негативни влијанија по животната средина од некоја активност и слично.

Подетално за фазите и роковите во кои може да се даваат коментари или забелешки на ЕНЕР во однос на предлог законите или по писмен пат во постапките за оцена на влијанијата од одредена активност или план врз животната средина и во постапките за нивното одобрување разговаравме во претходните видеа:

Учество на јавноста во донесување на закони – ЕНЕР;
Учество на јавноста во стратегиска оцена;
Учество на јавноста во ОВЖС;
Учество на јавноста во издавање интегрирани еколошки дозволи;
Учество на јавноста во издавање дозвола за водно право.

Коментарите или забелешките во однос на процесите поврзани со животната средина може да се доставуваат усно на јавна расправа, доколку истата е законски предвидена да се одржи, или писмено, а во однос на законите, тие се доставуваат писмено преку порталот ЕНЕР или на интернет и поштенските адреси кои се јавно објавени.

Ниту еден закон или друго правно правило не пропишува строга форма како треба да изгледа писмената забелешка/коментар, но од идентификуваните добри практики и нашето искуство внимавајте на следниве работи.

Наведете ги вашите податоци и начинот каде може институциите да ве контактираат!

Би рекле дека ова е особено важно во случаите кога се коментира некој предлог закон, стратегија, план и слично каде можеби институцијата ќе сака некои аспекти од вашиот поднесок подетално да ги разговара;

Јасно наведете што е предметот на вашиот поднесок односно на кој закон, план, стратегија или студија поднесувате коментар/забелешка!

Овој дел е особено важен кога поднесувате коментар на е-пошта или по пошта затоа што инстутицијата до која го поднесувате истиот треба прецизно да знае на што се однесува вашиот поднесок за да може да го достави до надлежниот сектор или одделение.

Специфицирајте за кој дел од актот се однесува вашиот коментар!

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Вашите коментари може да се однесуваат на целиот акт или конкретно на некој негов дел, точка, реченица или збор.

Би требало институцијата да има јасна претстава за ова, па така на пример доколку коментирате некој предлог закон во текстот на вашиот коментар наведете на пример:

*„одредбата од членот 4 став 2 од предлог законот несоодветно ја регулира ситуацијата поради тоа што....“* или доколку поднесувате коментар на пример на студија за оцена на влијанието врз животната средина наведете *„во точката 2 на страната 48 од студијата, при анализирањето не се зела предвид ...... некоја состојба....“;*

Бидете јасни и концизни! Бидете конкретни и држете се до она што е тема на дискусијата/коментарот или забелешката.

Должината на поднесениот коментар не значи дека тој е издржан и релевантен, па затоа наместо фокусот да биде ставен на квантитетот, посветете време на квалитетот на поднесокот.

Образложете го вашиот коментар!

Доколку поднесувате коментар на некој закон, опишете како конкретниот член негативно ќе влијае /не е усогласен со друг закон или меѓународен договор /нема да ја постигне целта заради кој се воведува /нема да го реши проблемот.

Доколку пак поднесувате коментар на пример на студија за оцена на влијанието врз животната опишете како пропуштањето на анализирање некоја околност или несоодветната анализа на некоја околност негативно ќе влијае врз природата, луѓето, водите, животните и слично.

Ваквиот начин на пишување на вашите коментари може да ви даде аргументи доколку понатаму користите правни механизми (на пример жалба при одобрување на студија за оцена на влијание врз животна средина);

Вашите ставови поткрепете ги со докази!

Вашиот коментар ќе ја зголеми својата релевантност и тежина доколку се повикате на претходни стручни текстови, истражувања и документи изготвени од граѓански организации, државни и научни институции (на пример Државен завод за ревизија, Македонска академија на науки и уметности, факултет и слично), меѓународни тела (на пример извештаи од Европската комисија, Обединети нации и слично).

Доколку соработувате со стручно лице кое ви помага при изготвувањето на коментарот, наведете го називот на неговата титула, на пример:

*Анализите на Петко Петков, дипломиран градежен инжинер укажуваат дека…*

Sweden Sverige

Проектот “Граѓанските организации во акција за климатските промени” е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

Поткрепувањето на вашите аргументи со стручни статии и податоци може да ви дадат аргументи доколку вашите коментари не се земени предвид при одлучувањето, а вие се одлучите да користите правни механизми кои ви стојат на располагање;

Предложете како треба да се реши едно прашање!

Бидете конструктивни и понудете алтернатива. Ова е пред се важно кога коментирате одреден закон/политика, па наведете како вие сметате дека е најсоодветно да се регулира состојбата, на пример:

*поради овие причини, предлагаме во членот 2 став 1 по зборовите „во најмалку еден дневен весник достапен на територијата на цела држава" да се додадат зборовите „и на интернет страната на Министерството*";

Се надеваме дека ви помогнавме како успешно да напишете коментар или забелешка.

Доколку имате потреба од правна поддршка во вклучување во процесите и пишување на коментари и забелешки во однос на заштитата на животната средина вклучете се во Програмата за правна и менторска поддршка на еколошки граѓански организации која ја спроведува Македонското здружение на млади правници.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.